# *HYDROPOX SF*

## Својства:

*HYDROPOX SF* е двокомпонентен ултраситнозрн малтер на основа на епоксидна смола (ПЦ малтер), за поправки на внатрешни и надворешни бетонски површини. Поради својата специфична гранулометриска крива, *HYDROPOX SF* може да се применува како ултраситнозрна смеса за исполнување којашто може “да се нанесува до дебелина речиси нула”. .

Посебната материјална основа на *HYDROPOX SF* овозможува примена дури и на малку влажна подложна површина.

## Технички податоци:

| | |
|---|---|
| Складирање | На суво меѓу 15 и 25º, во оригинална амбалажа приближно 6 месеци ако е заштитен од мраз и директно сончево зрачење. |
| Процесна температура | 8 – 30ºЦ (темпаратура на конструкциски елемент) |
| Време на обработка | Приближно 30 минути (20ºЦ) |
| Целосно зацврстување | 6 часови (сосема суво), 24 часови (може да се гази), 7 денови (сосема зацврстено) |
| Форма на испорака | 10 кг комби-амбалажа |

## Процесирање/обработка:

Подложната површина мора да биде стабилна и без разделни супстанци. Недоволно цврсти слоеви и бетонско цементно млеко мора да се отстранат. За оваа цел, подложната површина мора да биде подготвена со погодни механички процеси какошто се на пример “пескарење”, обработка со стружење и последователно “сачмарење” или “пескарење” со друг вид тврди абразиви за пескарење.

*HYDROPOX SF* се испорачува во комплет со дефиниран сооднос на мешање на компонентите (А : Б). За процесирањето, компонентата Б (стврднувач, зацврстувач) целосно се истура во компонентата А (смоласта мешавина) и хомогено се измешува со помош на бавно подвижувана направа за мешање (најмногу 60 вртежи/минута) сè додека да се добие рамномерна сива обоеност. Мешањето мора да се извршува за најмалку 3 минути. Мешавината мора да се употреби во рок од 30 минути.

Површините би требало да се обработуваат со *HYDROPOX EPG* непосредно пред нанесувањето на *HYDROPOX SF. HYDROPOX SF* би требало да се нанесува во вид на дебел слој со помош на мистрија со рамен крај и тоа преку свежо обработени површини и добро да се изработи.

## Молиме забележете:

Во сообразност со важечките директиви од ЕУ, *HYDROPOX SF* мора соодветно да биде означен. Поради оваа причина, пред започнување со работата, мора да се прочитаат и да се разберат претпазните мерки и безбедносни препораки коишто се вклучени во Табелираните безбедносни податоци.

Правилна и како резултат успешна употреба на нашите производи е надвор од наша контрола. Поради оваа причина, ние единствено можеме да го гарантираме квалитетот на нашите производи во рамките на нашите Услови на продажба и испорака, меѓутоа, не за нивно успешно процесирање. Сите податоци и информации во овие инструкции се базираат на последниот збор на техниката, но ние недвосмислено си го задржуваме правото да правиме модификации или адаптации на развојот. Податоците за потрошувачка, наведени од нас, можат да бидат само како просечни вредности од искуство, отстапувања во одделни случаи се можни па според тоа не можат да се исклучат.